**СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА**

# М И С Л Е Њ Е

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година

март, 2015 година

**М И С Л Е Њ Е**

на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола
по Годишниот извештај за работењето
на Стопанска банка а.д. Битола за 2014 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2014 година, како и за условите во кои истата ја вршеше својата деловна активност.

Детално се обработени изворите на средствата, со посебен акцент на депозитите, како на населението, така и на правните лица, од аспект на нивната рочна и валутна структура. Нивната големина беше решавачка за димензионирањето на билансот на Банката.

Во изминатата 2014 година, условите на стопанисување во домашната економија сеуште беа под високо влијание на неизвесното надворешно окружување кое бавно се опоравува од Светската финансискс криза.

Во такви услови, вкупниот потенцијал на Банката бележи благо зголемување од 14,57% споредено со 31.12.2013 година, додека вкупните депозити бележат годишен раст од 16,57%. Бруто кредитното портфолио на нефинансиски субјекти е зголемено за 18,20%. Воедно, учеството на нефункционалните кредити во бруто кредитите е намалено за 7,22 п.п. во однос на минатита година и изнесува 17,43% заклучно со 31.12.2014 година што придонесе за подобрување на квалитативната структура на кредитното портфолио. Ваквото остварување во голема мера се должи на напорите кои Банката ги вложуваше во текот на 2014 година за наплата на нефункционалните кредити од една страна, а од друга страна беше извршен отпис на дел од нефункционалните кредити за кои во целост беа исцрпени можностите за наплата. Промените во бруто кредитното портфолио придонесоа за соодветно ослободување на исправка на вредноста на кредитите.

Соодветен придонес кон подобрување на квалитетот на активата имаше и продажбата на дел од преземениот имот чие учество во вкупната актива на Банката е намалено за 4,92 п.п.

Во 2014 година Банката успеа да наплати претходно отпишани побарувања по камати во износ од 4,00 милиони евра односно 246,00 милиони денари што заедно со наплатата на дел од нефункционалните кредити и продажбата на дел од преземениот имот придонесоа за позначајно ослободување на резервации што во голема мера влиијаеше врз остварувањето на позитивен финансиски резултат за 2014 година во износ од 159,73 милиони денари. Воедно, оперативниот резултат од редовното работење е позитивен и истиот е повеќе од три пати поголем од остварениот во 2013 година.

Во овој извештај исто така се презентирани и податоци за платен промет во земјата и странство, за управувањето со ризиците на кои е изложена Банката, како и податоци за корпоративното управување, општествената одговорност, организациска структура итн.

Севкупно, може да се констатира дека Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава целосна слика за активностите и остварувањата на Банката во текот на 2014 година.

**Битола, февруари 2015 година**

**Надзорен одбор**
**Претседател**

**Г-дин Ненад Јосифовиќ**